РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 02-239/2
23-01. 2024 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

**Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес**

Бр. 02-239/2
23 јануари 2024 година
Велес

Врз основа на член 7 став (2) од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија (,,Службен весник на Републиика Северна Македонија'' бр.283 од 27.12.2022 година, Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес формирана со Решение арх.бр.25-2123/22 од 27.04.2023 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав:

1.Марија Чатмова-претседател
2.Сања Карабатова Игновска-член
3.Сашко Ѓорѓиев-член

за текот на постапката за селекција го поднесува следниот

## ЗАПИСНИК

Комисијата спроведе постапка на селекција (административна селекција-фаза 1) спроведена на 11.01.2024г. и интервју-фаза 2, спроведено на 23.01.2024 г. за член во Управен одбор на ЈКП ,,Дервен'' Велес.

**-Административна селекција**

Состанокот на Комисијата одржан на 11 јануари 2024 година, започна во 12,30 часот и со него претседаваше претседателот на Комисијата, Марија Чатмова.

На состнокот на Комисијата присуствуваа членот Сања Карабатова Игновска и членот Сашко Ѓорѓиев.

Согласно член 17-б и член 17-в од Законот за јавните претпријатија, Комисијата спроведе административна селекција на кандидатот за член на управен одбор на ЈКП Дервен, уредно пријавен на Јавниот повик за избор на членови на Управен одбор на ЈКП Дервен Велес бр.25-4864/24 од 28.11.2023 година

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесената пријава со условите утврдени со Јавниот повик и Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и врз основа на член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување, селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката

за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија изврши бодување на пријавениот кандидат, според стекнато образование и работното искуство во струката, при што ги бодуваше и сите поединечни докази (сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од акредитирани институции) од областа за која треба да биде членот на Управниот одбор.

Врз основа на спроведената административна селекција Комисијата констатираше дека на Јавниот повик е пријавен само еден кандидат и истиот ги исполнува условите утврдени во Јавниот повик, при што изврши бодување на доставените докази:

- Грозданка Наумовска-работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие- 35 бода.
  - -бодови за стекнато образование-10 бода
  - -бодови за работно искуство во струката-25 бода

**-Интервју-фаза 2**

По спроведената административна селекција, Комисијата на ден 23.01.2024 година, спроведе интервју со кандидатот кој ја помина административната селекција.

Интервјуто започна во 8,30 часот во Електронската сала на Општина Велес.

На интервјуто беа поставувани ситуациони прашања со цел да бидат проверени општите работни компетенции за член на управен одбор на јавното претпријатие, како и стручни прашања, практични задачи за да се проверат посебните работни компетенции на кандидатот.

Врз основа на спроведеното интервју, Комисијата го изврши следното бодување:

- Грозданка Наумовска-работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие- 25 бода.
  - -ситуациони прашања-15 бода
  - -стручни прашања-10 бода

**Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавнокомунално претпријатие ,,Дервен'' Велес**

Марија Чатмова, Претседател-----------------
Сања Карабатова Игновска, член________
Сашко Ѓорѓиев, Член________________